РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СОБРАНИЕ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: 10. 06. 2019 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 08 | 34011/1 | | |

ПРЕДЛАГАЧ:
Група пратеници

ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 184 став 1 од Деловникот на Собранието на Република Македонија и членовите 17 и 18 ставови 1 и 2, како и член 48 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација во прилог Ви ја доставуваме Предлог-одлуката за објавување јавен оглас за избор на членовите на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

Пратеници:

Скопје, јуни 2019 година

Предлог

Врз основа на членот 68 став 2 од Уставот на Република Северна Македонија, и членовите 16, 17 и 18 ставови 1 и 2 и член 48 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 101/2019), Собранието на Република Северна Македонија, на седницата одржана на _____________ 2019 година, донесе

**Одлука**
**за објавување јавен оглас за избор на членовите**
**на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација**

I. Собранието на Република Северна Македонија објавува јавен оглас за избор на членовите (седум) на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисија).

При изборот на првиот состав на Комисијата, согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 101/2019) четири члена се избираат со мандат од пет години, а три члена со мандат од три години, со право на еден повторен избор.

II. За член на Комисијата може да биде избрано лице кое ги исполнува следниве услови:

1) да е државјанин на Република Северна Македонија;

2) да има стекнато 240 кредити според ЕКТС или VII/1 степен на образование и има минимум седум години работно искуство од областа на човековите права од кои пет години во областа на еднаквост и недискриминација;

3) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна затвор од над шест месеци или забрана за вршење на професија, дејност или должност;

4) да не е носител на функција во политичка партија.

III. Пријавата за учество на овој оглас, личната биографија и потребните документи за докажување на исполнувањето на условите од точката II. на оваа одлука, во оригинал или заверена копија на нотар, заинтересираните кандидати треба да ги поднесат до Собранието на Република Северна Македонија. За исполнување на условот од точката II. потточка 4) на оваа одлука кандидатот треба да достави и лична изјава заверена на нотар дека не е носител на функција во политичка партија.

IV.Огласот трае 30 дена од денот на неговото објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија

V.Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“, во весниците „Нова Македонија“, „Слободен печат“ и „Koha“ “, и на интернет-страницата на Собранието на Република Северна Македонија и на интернет-страницата на Комисијата на сите јазици на заедниците во Република Северна Македонија.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Број ______________
___________2019 година
Скопје

**Претседател**
**на Собранието на Република**
**Северна Македонија**,
м-р Талат Џафери,с.р.

Образложение

Собранието на Република Северна Македонија на седницата одржана на 16 мај 2019 година го донесе Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 101/2019). Во членот 17 од Законот утврдени се условите за избор на членови на Комисијата и истите се предложени во оваа предлог одлука.

Во членот 18 став 1 од Законот утврдена е постапката за избор на членови на Комисијата, при што е утврдено дека Собранието на Република Северна Македонија објавува јавен оглас за избор на членови на Комисијата во најмалку два дневни весника што се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија, од кои еден од весниците што се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик. Огласот задолжително се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“, и на интернет-страницата на Собранието на Република Северна Македонија и на интернет-страницата на Комисијата на сите јазици на заедниците во Република Северна Македонија. Во ставот 2 е утврдено дека огласот трае 30 дена од денот на неговото објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Поради наведеното се предлага Собранието да го разгледа доставениот Предлог и да донесе одлука за објавување јавен оглас за избор на членовите на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.